АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-204/1
13.10. 2023 год.
СКОПЈЕ

Q3

# Трет квартален Извештај за спроведување на Годишната Програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година

[Стручна служба на Агенцијата за пошти]
Октомври, 2023 година

*„Согласно член 19 став 3 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/2018, бр.27/2019 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/2019, бр.150/2021 и 227/2022 ), директорот на Агенцијата за пошти има обврска да ѝ поднесува на Комисијата квартални извештаи за спроведување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година“*

## СОДРЖИНА

1. Легислатива ..... 4
2. Управни постапки ..... 6
3. Осигурување на обезбедување на универзалната услуга ..... 8
4. Лиценцирање ..... 9
5. Конкуренција во поштенскиот сектор ..... 12
6. Регистар на даватели на поштенски услуги ..... 13
7. Судски постапки и постапки за присилно извршување ..... 16
8. Надзор ..... 20
9. Заштита на правата на корисниците ..... 20
10. Анализа на пазарот ..... 30
11. Соработка ..... 33
12. Јакнење на институционалните капацитети ..... 1
13. Јавни набавки ..... 39
14. Транспарентност ..... 40
15. Реализација на Финансискиот План за 2023 година и состојба на побарувањата и обврските – трет квартал ..... 7

**ТРЕТ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА**

***Во периодот од јули, август и септември 2023 година (во натамошниот текст: трет квартал) беа реализирани следните активности кои се предвидени во Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-249/5 од 28.11.2022 година.***

# 1. Легислатива

## 1.1. Општи акти на Агенцијата

Во третиот квартал Агенцијата за пошти ги донесе следните подзаконски и општи правни акти:

1. **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти бр.02-188/5 од 22.09.2023 година; ;**
2. **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти бр.02-188/6 од 22.09.2023 година; ;**
3. **Правилник за управување со судир на интерес бр.02-174/ 7 од 10.08.2023 година;**
4. **Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства бр. 02-174/6 од 10.08.2023 година;**
5. **Годишен план за вработување на Агенцијата за пошти за 2024 година бр.04-173/1 од 07.08.2023 година;**
6. **Стратегија за управување со ризици бр.03-171/1 од 03.08.2023 година.**

Од страна на Комисијата на Агенција за пошти беа разгледани и:

1.1. Нацрт - Правилник за начинот на обезбедување на транспарентност во работењето на Агенцијата за пошти, и

1.2. Нацрт - Правилник за определување на траењето на годишен одмор на вработените во Стручната служба на Агенција за пошти.

### 1.2. Закон за поштенските услуги

Започнатите активности во декември 2022 година за измена и дополнување на Законот за поштенските услуги (во натамошниот текст:ЗПУ) продолжија и во третиот квартал од 2023 година. Работната група формирана за подготовка на измени и дополнувања на ЗПУ работеше на нацрт текстот на ЗПУ. Со измените на Законот ќе се доуреди делот на дефинирање и опфат на универзалната услуга, дефинирање на поштенските услуги, доставата на поштенските пратки, пристапот до мрежа согласно со меѓународните стандарди, финансирањето на Агенцијата за пошти, како и усогласување на националното законодавство со acquis, вклучувајќи ја и Регулативата за меѓународна достава на пакети 2018/644 на ЕУ. Нацрт - текстот на ЗПУ треба да се достави на усвојување од страна на Владата на Република Северна Македонија до крајот на 2023 година (владина постапка – прва фаза).

### 1.3. Ратификација на Актите донесени од страна на Светскиот Поштенски сојуз

Агенцијата за пошти во третиот квартал започна со подготовки за ратификување на актите кои се донесени од страна на Конгресот на Светскиот Поштенски Сојуз, како највисоко тело на сојузот. Имено, до Министерството за транспорт и врски како надлежен орган на државната управа беа доставени насоки за исполнување на обврските согласно потпишаните меѓународни договори за Ратификација на Актите донесени од страна на Светскиот поштенски сојуз.

### 1.4. Правилникот за критериумите за пристап до универзалната услуга, со утврдување на подрачјата на единиците на мрежата, на растојание меѓу поштенските единици и број на поштенски сандачиња

Согласно потребите за измена на критериумите за пристап до универзалната услуга беше формирана работна група во која учествуваат претставници на Агенцијата за пошти и давателот на универзалната услуга.

Работната група работеше на измени и дополнувања на Правилникот за критериумите за пристап до универзалната услуга, со утврдување на подрачјата на единиците на мрежата, на растојание меѓу поштенските единици и број на поштенски сандачиња.

Со измените на Правилникот ќе се редефинира поштенската мрежа со цел задоволување на потребите на корисниците и подобрување на пристапот до универзалната услуга, во согласност со податоците од последниот попис на населението од 2022 година во Република Северна Македонија.

## 2. Управни постапки

Во текот на третиот квартал, Агенцијата за пошти постапуваше по **46 управни предмети** од нејзина надлежност, од кои 1 предмет беше пренесен од вториот квартал. Постапките по **43** предмети беа завршени во третиот квартал, додека постапките за **3** предмети продолжуваат во следниот квартал.

Дел од постапките, односно **41 управни предмети беа поведени по службена должност** од страна на Агенцијата, и тоа:

- 35 постапки за решенија за годишен надоместок на давателите на поштенски услуги;
- 4 вонредени надзори, и
- 2 вонредни надзори.

**По барање од странки се постапуваше во 5 постапки**, и тоа:

- 1 предмет во постапка за лиценцирање -по примена Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги;
- 1 предмет во постапка за регулација на цени во универзална услуга, по барање за зголемување на цени на поштенски услуги во меѓународен сообраќај од носителот на Индивидуална дозвола, и
- 3 предмети во постапки по управни приговори.

*Слика бр.1 Број на управни предмети по кој се постапуваше во третиот квартал од 2023 година*



## 2.1. Издавање на Решенија за годишен надоместок на давателите на поштенски услуги за 2023 година

По одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.126/2023), и објавување на Одлуката за определување на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2023 година бр.02-249/7 донесена од страна на Комисијата на Агенцијата на 28.11.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.130/2023) се создадоа законски услови за донесување на Решенијата за годишен надоместок на давателите на поштенски услуги за 2023 година.

Агенцијата по службена должност поведе и заврши 35 предмети во управна постапка односно донесе решенија за годишен надомест за давателите на поштенски услуги за 2023 година, кои согласно законските рокови навремено беа доставени до давателите.

*(Вредноста на поенот по кој се пресметувани паричните обврски за плаќање на годишен надоместок кон Агенцијата за пошти за 2023 година изнесува 469,2192 денари).*

Постапките за издавање на Решенија за годишен надомест продолжуваат да се водат континуирано во текот на годината, соодветно на ново издадените Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги.

## 2.2. Промена на цените за поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај кои АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост – Скопје ги обезбедува во опсегот на универзалната услуга

Агенцијата за пошти одобри нови цени за поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај во опфатот на универзалната услуга, со Решение УПІ бр.02-99 од 11.08.2023 година, на барање за промена на цените поднесено од АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

Започнувајќи од **01.09.2023 година**, АД „Пошта на Северна Македонија" – Скопје ги применува новите цени за поштенски услуги[1].

### 2.3. Управна евиденција

Во третиот квартал Агенцијата за пошти достави Извештај за управна евиденција образец Из1 до Државен управен инспекторат со број 03-159/1 од 07.07.2023 година за период јануари-јуни 2023 година, во законски рок.

## 3. Осигурување на обезбедување на универзалната услуга

По однос на обврските по Решението УП.I бр.02-97 издадено од Агенцијата за пошти, на давателот на универзалната услуга му беше наложена мерка за отстранување на неправилностите на начин што ќе ја врати во претходна состојба или повторно да ја воспостави и да ја организира работата на затворените поштенски единици најдоцна до 01.08.2023 година. АД „Пошта на Северна Македонија" до наведениот датум извести дека:

- Пошта 1231 Вруток заради непостоење на технички можности за онлајн поврзување на истата, нема можност за автоматизирање на единицата и пренос на податоци на истата во реално време;
- Пошта 7514 Канатларци чиј деловен простор е затворен од страна на Државен инспекторат за труд и не постои можност за преземање мерки заради ограниченост на деловниот простор;
- Пошта 1327 Ново Село - АД „Пошта на Северна Македонија" не располага со сопствен деловен простор во населеното место Ново Село и поради тоа има побарано од Општина Куманово т.е. МЗ Ново село за отстапување на деловен простор од 15м2. Предметниот деловен простор не може да се преотстапи заради не решени имотно-правни односи, што претставува проблем на давателот за склучување на договори со комунални претпријатија и телекомуникациски оператор, преку кој ќе се изврши онлајн поврзување на единицата.

---

1 https://ap.mk/mk/230814-promena-na-cenite-za-poshtenski-uslugi-vo-megunarodniot-poshtenski-soobrakaj-koi-ad-za

## 4. Лиценцирање

### 4.1. Даватели на поштенски услуги

Заклучно со 30.09.2023 година, поштенски услуги обезбедуваа:

- **34 даватели на поштенски услуги** - правни лица со Општо овластување за обезбедување поштенски услуги, и
- **АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје** со Индивидуална дозвола за обезбедување на универзална услуга, или вкупно:

**35 даватели на поштенски услуги**

*Слика бр. 2. Број на даватели кои обезбедуваат поштенски услуги во 3 квартал од 2023 година, споредбено со 3 квартал од 2022 година*




Во третиот квартал беше реализирана **1 постапка од надлежност за лиценцирање** односно се постапуваше по примена Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги. Постапката за решавање се префрла во следниот квартал.

За споредба, во третиот квартал од 2022 година во управна постапка се постапуваше по 2 предмети од кои 1 предмет за бришење од Регистарот на даватели и 1 за започнување со обезбедување поштенски услуги.

*Слика бр.3. Споредбено - Број на предмети во постапка за лиценцирање*



Во третиот квартал на 2023 година **нема издадени** Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги, **и нема укинати** Општи Овластувања за обезбедување на поштенски услуги.

***Слика бр. 4. – Број на издадени Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги на нови правни субјекти***

Во 3-от квартал од 2023 година **НЕМА издадено Општо овластување за обезбедување поштенски услуги**

Во 3 – от квартал од 2022 година **НЕМА издадено Општо овластување за обезбедување поштенски услуги**

### 4.2. Нови даватели – започнување со обезбедување поштенски услуги

Во извештајниот период немаше нови предмети по примени Нотификациии за започнување со обезбедување поштенски услуги.

### 4.3. Промени во обезбедувањето поштенски услуги на постојни даватели

Во третиот квартал беше примена нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги од давателот на поштенски услуги Друштво за трговија, производство и услуги ЕУРО ЕНЕРЏИ ДОО -Подружница ЕУРО КАРГО Тетово, УП I бр.02-142 од 07.09.2023 година, за проширување на географското подрачје-за меѓународен поштенски сообраќај. Постапката продолжува во следниот квартал.

### 4.4. Одбивање на Нотификација

Во третиот квартал, Агенцијата не донесе Решение за одбивање на нотификација.

### 4.5. Отфрлање на Нотификација

Во третиот квартал Агенцијата нема донесено Решение за отфрлање на нотификација.

## 4.6. Постапки за бришење од службената евиденција за даватели

Во третиот квартал Агенцијата не водеше постапка за бришење на даватели од службена евиденција.

## 4.7. Интерес за влез на поштенскиот пазар - Комуникација со потенцијални апликанти/даватели на поштенски услуги

Активностите со одржување работни состаноци со сите заинтересирани и потенцијални апликанти за добивање на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги, како и со постојните даватели се практикуваа и во третиот квартал од 2023 година од страна на Агенцијата за пошти. На тој начин Агенцијата придонесува за нивно позиционирање уште на самиот старт на „пазарната трка", како и за подобра усогласеност на нивното работење кон поштенските прописи и процедури.

- Во **месец јули,** давателот МЕКС ПОШТА ДОО Скопје телефонски се информираше во врска со проширување на географското подрачје - во меѓународен поштенски сообраќај. Воедно, беа дадени информации, инструкции и упатства за потребната документација при постапката за лиценцирање во делот на проширување на Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги, со предлог од страна на Агенцијата за одржување на работен состанок.
- Во **месец јули** на електронската адреса на Агенцијата за пошти од страна на давателот МИК-МИК ДООЕЛ Скопје, беа побарани насоки за добивање Општо Овластување за обезбедување на поштенски услуги во меѓународен поштенски сообраќај, како и барање за одржување на работен состанок. На состанокот беа дадени инструкции и упатства за потребната документација и нотификацијата.
- Во **месец јули,** беше добиено барање од физичко лице за информации за добивање на Општо Овластување за обезбедување на поштенски услуги за територија на град Скопје за курирски услуги. По дадените информации од Агенцијата за пошти беше предложено да се одржи

состанок во просториите на Агенцијата со цел запознавање на странката со оперативниот процес и потребната документација.

- Во **месец август** во просториите на Агенцијата за пошти беше одржан работен состанок со претставник на правен субјект во врска со добивање на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај *(состанок во истиот формат беше одржан и во месец јуни 2023 година).* На состанокот беа дадени инструкции и упатства за потребната документација при постапката за лиценцирање во делот на добивање на Општото овластување за започнување на обезбедување на поштенски услуги.
- Во **месец септември**, во телефонско јавување од страна на претставник на правно лице Такси Хаб ( *во март 2023 година беше санкциониран со глоба од овластени лица за надзор на Агенцијата за обезбедување на поштенски услуги без издадено Општо овластување*), беа побарани информации за добивање на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги за територија на град Скопје, притоа претставникот појасни дека планира да работи како е-платформа по принципот на Убер курирски услуги. На состанокот одржан на 25.09.2023 година во просториите на Агенцијата се дискутираше за начинот и процесот за организација при достава на пратки, капацитетите со кои се планира да се отпочне со работа, како и потребната документација и нотификација која треба да се достави во Агенцијата за добивање на Општо Овластување.

## 5. Конкуренција во поштенскиот сектор

Агенцијата за пошти постојано ја следи работата на давателите на поштенски услуги преку своите надзорни и контролни функции и на систематски начин го анализира развојот на конкуренцијата во поштенскиот сектор. За таа цел, се анализираа податоците и наодите прибрани преку практикување на своите надлежности, започнувајќи од нивниот влез на пазарот со издавањето на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги, статистичките извештаи, предметите од заштита на права на корисниците, како и од спроведените увиди и надзори.

Во третиот квартал, Агенцијата за пошти обезбеди дополнителни информации за 3 даватели за кои во изминатиот период Агенцијата

констатираше дека покажуваат слаби капацитети, односно се соочуваа/т со потешкотии во обезбедување на поштенски услуги, не пријавуваа/т или пријавуваа/т незначителен обем на услуги и сл.

*Врз основа на заклучоците од проверките, Агенцијата за пошти во следниот период ќе одлучи за целисходноста на Општите овластувања за обезбедување на поштенски услуги на давателите кои беа предмет на следење и анализа (Фалкон Логистик ДОО Скопје и за План Експрес ДООЕЛ).*

Агенцијата за пошти продолжи со активноста за анализа на обемот на евидентирани поштенски услуги во појдовен и дојдовен меѓународен сообраќај во 2022 година на 9-те даватели на поштенски услуги кои имаат Општо овластување за обезбедување поштенски услуги и во меѓународен поштенски сообраќај. Во третиот квартал од страна на Агенцијата за пошти беа изготвени анализи за **4 даватели на поштенски услуги**. Кај давателот на поштенски услуги Деливери Сервис Интернешенел ДООЕЛ Скопје беше спроведен редовен надзор. Активноста продолжува и во следниот квартал за останатите 2 даватели Брза пратка ДОО Скопје и Еко Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје. **До крајот на 2023 година ќе се изготви сеопфатна анализа со податоци и заклучоци од превземените активности.**

Агенцијата за пошти продолжи со проверки и анализи на капацитетите (оперативни и на поштенската мрежа) на релативно новите даватели кои имаат добиено Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги во 2021 година, 2022 година и 2023 година. Проверките беа во насока на консултации со цел подобра усогласеност на нивното работење кон поштенските прописи и процедури. Во третиот квартал предмет на проверка беше **1 давател на поштенски услуги преку спроведен вонреден надзор**. Активноста продолжува во следниот период кај 3 даватели на поштенски услуги: Сити Експред Пошта увоз – извоз Битола, Пошта Пештан Експресс ДООЕЛ Охрид и Телко Инвестмент Груп ДООЕЛ Прилеп.

### 5.1. Асоцијација за дистрибуција и достава на разни добра и услуги (АДДДУ)

Агенцијата за пошти во изминатиот период со интерес ја следеше работата на Асоцијацијата и во таа насока на 04.07.2023 година во просториите на Агенцијата се одржа состанок со претставникот на АДДДУ, г-дин Игор Гешовски.

## 6. Регистар на даватели на поштенски услуги

Во третиот квартал се постапуваше и беа завршени **14 предмети** за ажурирање на податоците во службената евиденција за давателите на поштенски услуги, поведени на барање од давателите на поштенски услуги и по службена должност во Регистарот на лиценци, и тоа:

1. БРЗА ПРАТКА ПОСТ – М ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Тетово - промена на телефонски број 03-16/23 од 30.08.2023 година;
2. Еуро Енерџи ДООЕЛ -подружница Еуро Карго Тетово - промена на организационен облик, електронска пошта, отворени 2 подружници 03-16/17 од 03.07.2023 година;
3. НОВА ПОШТА ДОО Скопје - промена на организационен облик 03-16/19 од 03.07.2023 година;
4. Урбан Деливери Сервис ДООЕЛ Скопје - промена на организационен облик 03-16/18 од 03.07.2023 година;
5. ЕКО ПОШТА ДОО Скопје - промена на промена на организационен облик, адреса на седиште и управител 03-16/16 од 03.07.2023 година;
6. ЕКО Логистик Сервис ДООЕЛ Скопје –промена на организационен облик 03-16/20 од 03.07.2023 година;
7. Деливери Сервис Интернешенел ДООЕЛ Скопје - промена на ценовник 03-16/28 од 14.09.2023 година;
8. ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ Скопје – промена на адреса на регистрирано седиште и управител 03-16/21 од 03.07.2023 година;

9. ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци –промена на ценовник и адреса на седиште 03-16/22 од 03.07.2023 година;

10. ГЕНИКИ ТАХИДРОМИКИ СМ ДОО Скопје –промена на ценовник 03-16/24 од 31.08.2023 година;

11. Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје - Подружница Б ПОСТ Скопје – промена на телефонски броеви и лице за рекламации 03-16/26 од 11.09.2023 година;

12. БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје – промена на ценовник 03-16/27 од 11.09.2023 година;

13. Б ПОСТ ДООЕЛ – Подружница Б ПОСТ Скопје – промена на ценовник од 14.09.2023 од 14.09.2023 година;

14. УРБАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје – промена на ценовник 03-16/25 од 01.09.2023 година.

## 7. Постапки за присилно извршување Судски постапки и

**7.1.** Во третиот квартал од 2023 година, Агенцијата за пошти не поведе постапка/и за присилно извршување.

Вкупниот број на активни предмети кои се водат пред извршители за присилна наплата на обврските по Решенија за годишен надомест од минатите години изнесува 18, и за истите нема наплата.

| Реден број | Име и Презиме / Назив | Главен долг | Извршна исправа на Агенција за пошти | Извршител | И бр. | Предадени на извршител | Забелешка од Извршител |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ДПТУ ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 23,086.00 | Решение УП I.бр.19/2013 од 26.03.2013 година | Благојче Кипровски од Скопје | 357/2013 | 14.10.2013 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 2. | Друштво за услуги ИН ТАКСИ ДОО Скопје | 49,880.00 | Решение УП I.бр.02-06/2015 од 06.04.2015 година | Благојче Кипровски од Скопје | 1798/2016 | 30.12.2016 година | Активен предмет - Блокирана сметка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 54,415.00 | Решение УП І.бр.02-08/2015 од 06.04.2015 година | Благојче Кипровски од Скопје | 1799/2016 | 30.12.2016 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 4. | Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 26,991.00 | Решение УП І.бр.02-10/2016 од 24.02.2016 година | Благојче Кипровски од Скопје | 1801/2016 | 30/12/2016 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 5. | Друштво за производство, трговија и услуги ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 25,859.00 | Решение УП І бр.02/23 од 13.11.2017 година | Благојче Кипровски од Скопје | 400/2019 | 30/04/2019 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 6. | Друштво за превоз,услуги,трговија и маркетинг ДРД КУРИР ДОО Скопје | **27,111.00** | Решение УП.І бр.02-28 од 04.02.2020 година | Благојче Кипровски од Скопје | 288/2020 | 16.07.2020 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 7. | Друштво за курирски услуги ПРЕМИУМ ДЕЛИВЕРИ ДОО Скопје | **54,222.00** | Решение УП І.бр.02-26 од 04.02.2020 година | Благојче Кипровски од Скопје | 306/2020 | 14/08/2020 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 8. | Друштво за трговија, транспорт и услуги БАЛКАН-ПОСТ ДООЕЛ Скопје | **32,029.00** | Решение УП І.бр.02-31 од 01.04.2021 година | Благојче Кипровски од Скопје | 183/2021 | 12/05/2021 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 9. | Друштво за логистички услуги ГПС - ГЛОБАЛ ПОСТАЛ СЕРВИСЕ ДООЕЛ Скопје | **31,449.00** | Решение УП І.бр.02-30 од 01.04.2021 година | Благојче Кипровски од Скопје | 184/2021 | 12/05/2021 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 10. | Друштво за поштенски и курирски услуги ИН ТАЈМ ПОСТ ДООЕЛ | **53,912.00** | Решение УПІ бр.02-18 од 30.03.2021 година | Благојче Кипровски од Скопје | 494/2021 | 02/11/2021 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 11. | Друштво за трговија и услуги М-ДОСТАВА ДООЕЛ Скопје | **19,820.00** | Решение УП І.бр.02-24 од 31.03.2021 година | Благојче Кипровски од Скопје | 572/2021 | 27/12/2021 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 12. | ДПТУ ВИЗАРД ДЕЛИВЕРИ ДОО увоз-извоз Скопје | 24,585.00 | Решение УП І бр.18/2014 од 26.05.2014 година | Кети Арсова од Скопје | 1677/2014 | 25/12/2014 година | Активен предмет - Блокирана сметка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13. | Градско карго ДООЕЛ Битола | **24.110,00** | Решение УП I бр.02-39 од 13.04.2022 година | Снежана Андреевска | 3404/22 | 21.09.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 14. | ДТУ М Достава ДООЕЛ Скопје | **33.754,00** | Решение УП I бр. 02-42 од 13.04.2022 година | Снежана Андреевска | 3545/22 | 20.10.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 15. | ДТУ Делцо ДООЕЛ Скопје | **84.384,00** | Решение УП I бр. 02-30 од 13.04.2022 година | Снежана Андреевска | 3546/22 | 20.10.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 16. | ДТУ Делцо ДООЕЛ Скопје | **500,00** | Решение УП I бр. 02-29 од 01.04.2021 година | Снежана Андреевска | 3768/22 | 02.12.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 17. | ДТУ М Достава ДООЕЛ Скопје | **500,00** | Решение УП I бр. 02-16 од 07.02.2019 година | Снежана Андреевска | 3770/22 | 02.12.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |
| 18. | ДТУ М Достава ДООЕЛ Скопје | **500,00** | Решение УП I бр. 02-29 од 04.02.2020 година | Снежана Андреевска | 3769/22 | 02.12.2022 година | Активен предмет - Блокирана сметка |

### 7.2. Судски постапки

Во третиот квартал беа поведени **5** прекршочни постапки пред надлежен Кривичен суд против даватели на поштенски услуги и одговорните лица за кои претходно во постапки за надзор беа констатирани прекршоци и во кои постапките за порамнување завршија без успех.

1. Поднесено Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – оддел за прекршоци Скопје УПI бр.02-98 од 21.09.2023 година против Друштво за поштенски и курирски услуги ВАША ПОШТА ДООЕЛ Скопје– и одговорното лице во правното лице Саше Петревски, за **сторен прекршок** -обезбедување на поштенски услуги без Општо овластување спротивно на членот 38 став (1) и *казнив по член 80 став 1 ал.4 и ст.2 од ЗПУ (- надзорот беше извршен во претходниот квартал на 2023 година).*

2. Поднесено Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – Оддел за прекршоци Скопје УПІ бр.02-98 од 21.09.2023 година против сторителите правниот субјект ПМ ПОСТМАН АНД ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Скопје и одговорното лице во правното лице Рамадан Лимај, за сторен продолжен прекршок по член 38 ст.1 од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 ал.4 и ст.2 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги без Општо овластување – *(надзорот беше извршен во мај 2023 година).*
3. Поднесено Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – Оддел за прекршоци Скопје УПІ бр.02-74 од 21.09.2023 против сторителите *давателот на универзална услуга АД „Пошта на Северна Македонија“ Скопје и одговорните лица Васко Стефанов и Елез Елези за констатирани по два продолжени прекршоци за правното и по еден за одговорни лица во правното лице по член 30 став 2 и казнив по член 80 ст.1 ал.1 и став 2 од ЗПУ- за необезбедување на универзална услуга постојано и секој ден во период од септември до 18.11.2023 година и по член 54 став 1 и казнив по член 80 ст.1 ал.18 и став 2 од ЗПУ-за не вршење достава на адреса на примачите во континуитет од септември до 18.11.2023 година–(надзорот беше завршен во ноември /декември 2022 година).*
4. Поднесено Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – Оддел за прекршоци Скопје УПІ бр.02-136 од 21.09.2023 година против сторителите давателот на поштенски услуги Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје-Подружница Б ПОСТ Скопје и одговорното лице во правното лице Фуркан Ибраими, за сторен продолжен прекршок по член 41 ст.2од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 ал.5 и ст.2 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги кои не се наведени во Општото овластување – *(надзорот беше извршен во јули 2023 година)*
5. Поднесено Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – Оддел за прекршоци Скопје УПІ бр.02-137 од 21.09.2023 година против сторителите -давателот на поштенски услуги Друштво за транспорт и услуги МИК-МИК ДООЕЛ Скопје и одговорното лице во правното лице Енис Пакаштица (странски државјанин од Косово), за сторен прекршок по член 41 ст.2 од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 ал.5 и ст.2 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги кои не се наведени во Општото овластување – *(надзорот беше извршен во јули 2023 година).*

Во месец август 2023 година Агенцијата за пошти постапуваше по барањето на правното лице Технокомерц АД Скопје, за обезбедување на податоци и информации: дали правното лице МЈМ ДЕЛИВЕРИ ДООЕЛ Скопје е носител на Општо овластување издадено од Агенцијата, кој извршил наводна неуспешна достава на нотарски платен налог. Агенцијата за пошти постапувајќи по барањето писмено одговори дека во 2023 година нема издадено Општо овластување за таков правен субјект. Воедно, го информираше правното лице Технокомерц АД Скопје дека Регистарот на лиценци кој е објавен на веб страницата на Агенцијата се ажурира на дневна основа и ја покажува моменталната состојба на лиценцирани даватели на поштенски услуги. По барање на Агенцијата, а заради прибавување на докази против овој нелиценциран правен субјект, од страна на корисникот беа доставени копии од документацијата со која била извршена доставата од нелиценцираниот давател. Дополнително, ценејќи ги доказите приложени кон барањето, Агенцијата за пошти оцени дека треба да се изврши вонреден надзор кај субјектот кој неовластено обезбедува поштенски услуги.

## 6. Надзор

Во третиот квартал, согласно Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-276/1 од 20.12.2022 година[2], од страна на овластени лица за вршење на надзор беа извршени **2 редовни надзори и 4 вонредни надзори.**

**Редовен надзор**

1. Согласно член 73 и член 76 од ЗПУ и член 2 од Правилникот за начинот на вршење надзор и за формата и задолжителните елементи на записникот за извршениот надзор („Службен весник на Република Македонија"бр. 171/2011), спроведен

[2] https://ap.mk/index.php/mk/godisna-programa

редовен надзор, кај субјектот: **БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДООЕЛ Скопје.** Надзорот го опфати спроведувањето на член 38 став 1 од ЗПУ, како и спроведувањето на другите подзаконски акти и правата и обврските имплементирани во Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги. За спроведениот надзор беше изготвен Записник УП I бр. 02 – 140 од 06.09.2023 година, и не беа констатирани прекршоци.

2. Согласно член 73 и член 76 од ЗПУ и член 2 од Правилникот за начинот на вршење надзор и за формата и задолжителните елементи на записникот за извршениот надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/2011), спроведен редовен надзор, кај давателот на поштенски услуги: **ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ Скопје.**Надзорот го опфати спроведувањето на член 41 од ЗПУ, како и спроведувањето на другите подзаконски акти и правата и обврските имплементирани во Општото овластување за обезбедување на поштенски услуги.За спроведениот надзор беше изготвен Записник УП I бр. 02 – 141 од 12.09.2023 година, и не беа констатирани прекршоци.

**Вонреден надзор**

Агенцијата за пошти во заедничка и координирана акција со Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за економски криминал и корупција, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Државниот Инспекторат за Труд и Државниот Пазарен Инспекторат спроведе вонредни надзори над давателите на поштенски услуги **Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје – Подружница Б ПОСТ, МИК МИК ДООЕЛ Скопје и МЕКС ПОШТА ДОО Скопје.**

По извршените надзори од страна на Агенцијата за пошти беа составени записници за сторени прекршоци и тоа:

3. **Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје – Подружница Б ПОСТ** - Опис на прекршок: обезбедува поштенски услуги кои не се наведени во Општото овластување издадено од Агенцијата за пошти, спротивно на член 41 став 2 од ЗПУ. Врз основа на констатираните прекршоци беа издадени прекршочни платни налози на правното лице и за одговорните лица во правното лице.

4. **МИК МИК ДООЕЛ Скопје** - Опис на прекршок: обезбедува поштенски услуги во меѓународен поштенски сообраќај без Општото овластување издадено од Агенција за пошти, спротивно на член 38 став 1 од ЗПУ; обезбедува поштенски услуги кои не се наведени во Општото овластување издадено од Агенцијата за пошти, спротивно на член 41 став 2 од ЗПУ.Врз основа на констатираните прекршоци беа издадени прекршочни платни налози на правното лице и за одговорните лица во правното лице.
5. **МЕКС ПОШТА ДОО Скопје** - Опис на прекршок: обезбедува поштенски услуги кои не се наведени во Општото овластување издадено од Агенцијата за пошти, спротивно на член 41 став 2 од ЗПУ. Врз основа на констатираните прекршоци беа издадени прекршочни платни налози на правното лице и за одговорните лица во правното лице.

*Против правните лица кои беа предмет на надзор и контрола следуваа и соодветни поднесоци од страна на другите надлежни институции.*

6. Согласно член 73 и 76 од ЗПУ, Агенцијата за пошти во соработка со Царинската Управа спроведе вонреден надзор со предмет: спроведување на член 41 став 1 од ЗПУ врз давателот на поштенски услуги **ПНЛ ТРАНСЛОГ ДООЕЛ Скопје**. За спроведениот вонреден надзор беше составен Записник за извршен надзор со УПI бр.02-138 од 13.07.2023 година и не беа констатирани прекршоци.

## 7. Заштита на правата на корисниците

### 7.1. Информирање на корисниците на поштенски услуги

Во согласност со една од главните цели на ЗПУ која е во насока на заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги, Агенцијата за

пошти континуирано и посветено остварува комуникација со корисниците на поштенските услуги.

Заради остварување на своите законски права како корисници на поштенски услуги, граѓаните имаа можност да се обратат во Агенцијата и да поднесат претставки и управни приговори, кои се процесуираа преку Директоратот за заштита на правата на корисниците и односи со јавноста.




## 7.2.Претставки

*Претставките се евидентираат во Уписникот за предметите по предлози и претставки.*

*Подносител на претставка може да биде секое физичко или правно лице.*

*Начинот на поднесување на претставките може да биде во писмена форма на адреса на Агенцијата за пошти (Кеј 13-ти Ноември, ГТЦ, кат 2, зграда 4, влез 1, локал 2, 1000 Скопје), или на електронските адреси (info@ap.mk и kabinet@ap.mk), како и усно на записник во просториите на Агенцијата за пошти.*

Во Агенцијата за пошти во периодот од 01.07.2023 година до 30.09.2023 година, беа поднесени **7 претставки** од кои 5 претставки се поднесени од физички лица, додека 2 се поднесени од правни лица.

Претставките се однесуваат на услугите на давателите: АД „Пошта на Северна Македонија", Best Mall брза пошта, ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДОО Скопје, КАРГО ЕКСПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Битола и ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје.

1. Претставката со **УПП бр.02-08** беше препратена од Државен пазарен инспекторат на понатамошно постапување на Агенција за пошти. Подносителот во својство на **примач** се жали поради недоставени пратки од страна на давателот на поштенски услуги АД „Пошта на Северна Македонија". Агенцијата му посочи на корисникот дека треба да го

обезбеди бројот на пратките за да може како примач на пратките да побара информација за статусот на меѓународните пратки .На корисникот му препорача да го провери статусот на пратките преку веб-страницата на давателот на поштенски услуги користејќи ја апликацијата „Следење на пратки" и даде препораки кои се однесуваат на правото на рекламација и приговор кај давателот на поштенски услуги.

2. Во претставката со **УПП бр.02-09**, подносителот е во својство на **примач на меѓународна пратка**, за која наводно од давателот била дадена информација дека согласно електронската евиденција на друштвото пратката е пристигната во месец јуни, по што е поднесена рекламација до давателот на поштенската услуга АД „Пошта на Северна Македонија". Агенцијата побара од давателот да направи соодветна проверка на наводите и за исходот од преземените активности да даде информација.Давателот информираше дека на подносителката и е одговорено директно и одговорот е доставен и до Агенцијата.

   Агенцијата го извести подносителот дека давателот на поштенски услуги АД „Пошта на Северна Македонија" презема одоговорност согласно меѓународните поштенски акти за правото на надомест на штета, по што Агенцијата му даде препораки на подносителот поврзани со процедурата за обештетување.

3. Претставката со **УПП бр.02- 10** се однесува за нарачка која е направена од Инстаграм профил- неофицијална продавница и во истата подносителот се жали за производите кои се доставени и обидот да ја врати откупнината.Агенцијата според наводите и контактните податоци кои беа доставени во прилог, констатираше дека Best Mall брза пошта не е лиценциран давател на поштенски услуги и не евидентиран во Регистарот на лиценци на Агенцијата за пошти и дека Best Mall всушност е онлајн продавница од каде се нарачани производите. Агенцијата не беше во можност да утврди кој ја вршел доставата од причина што на самите адресници нема обележја како лого, заштитен знак, адресни и контактни податоци.Агенцијата му укажа на подносителот за пазарењето од непроверени профили претставува голем ризик за која

Агенцијата за пошти не е надлежна да постапува по пријави од таква природа.

4. Претставката со **УПП бр.02-11** се однесува за пратка со откупнина која е била доставена до примачот во видливо оштетена состојба и како таква била вратена во подружницата во Кочани кај давателот КАРГО ЕКСПРЕС ДООЕЛ узвоз-извоз Битола. Подносителот приговарал кај давателот по што добил одговор во кој било наведено дека станува збор за несоодветно спакувана за што бил известен испраќачот.На барање на Агенцијата подносителот го прецизира своето барање и побара одредено обештетување по што предметот беше префрлен во Уписник за првостепена управна постапка, евидентиран со **УПI бр.02-143.** По овој управен приговор Агенцијата за пошти сеуште постапува.
5. Основот за поднесување во претставката со **УПП бр.02-12** е поради начинот на вршење на достава од страна на давателот ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДОО Скопје, односно значително оштетување на пратка и не доставување до адресата на примачот, пришто од давателот е добиена информација дека е направен Записник и дека е донесена одлука за соодветно обештетување, но истото не се случило. Агенцијата му препорача на давателот да преземе соодветни активности кои се во согласност со ЗПУ, по што е добиено известување дека постапката е во тек.
6. Подносителот во претставката со **УПП бр.02-13** се жали за неисплатена откупнина од страна на давателот на поштенски услуги ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје. Подносителот поднел рекламација до давателот и побарал да му биде исплатена откупнината. Агенцијата го информираше подносителот дека не е надлежна да постапува по барање чиј основ е финансиска штета која настанала како резултат на непочитување на облигационите одредби од договорот помеѓу две договорни страни, од причина што приговорот не се однесува за поштенска услуга и даде насока да се обрати до надлежен судски орган.
7. Претставката со **УПП бр.02-14** е поднесена поради недоставувањето на поштенски пратки од страна на давателот КАРГО ЕКСПРЕС ДООЕЛ узвоз-извоз Битола и побара од Агенцијата да го задолжи давателот сите недоставени пратки да бидат доставени со записник до подносителот. Агенцијата за пошти сеуште постапува по наведената претставка.

Агенцијата постапуваше и по претставката со УПП бр.02-07 која беше примена во вториот квартал, по што истата во овој квартал е завршена. Претставката се однесува на давателот на поштенски услуги ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје и во истата подносителката информираше дека е испраќач на две поштенски пратки од кои едната воопшто не е доставена до примачот ниту е вратена назад, а за втората дел од содржината е оштетена. Агенцијата побара од давателот да преземе соодветни активности и да изврши проверка на наводите од претставката, по што ТПЛ Тотал Пост Логистик до Агенцијата достави Одговор и копија од Одлука за надомест на средства за оштетена пратка, како и потврда од двете страни дека обештетување е извршено.

*Слика бр.5. Споредбено - 3 квартал од 2022 година и 3 квартал од 2023 година*




## 7.3. Управни приговори

Во уписникот за првостепена управна постапка, во третиот квартал од 2023 година беа евидентирани 3 управни приговори:

1. **УПI бр. 02-139** поднесен од две физички лица, во својство на корисници-примачи на 5 препорачани поштенски пратки во внатрешен поштенски сообраќај, против АД „Пошта на Северна Македонија", поради не одговарање по поднесен приговор, согласно **член 57 став 3** од ЗПУ. Агенцијата за пошти постапуваше по управниот приговор и донесе

Решение со кое **го уважи барањето на подносителите и го задолжи давателот** во рок од 3 работни дена **да одговори** по примен приговор.

Во врска со барањето за превземање на сите потребни мерки за заштита на правата на корисниците, Агенцијата за пошти во согласност со своите надлежности, дополнително ќе преземе соодветни активности и мерки против АД „Пошта на Северна Македонија", а се со цел постојано и квалитетно обезбедување на поштенските услуги, за сите корисници.

2. **УПІ бр.02-143** поднесен од корисник на поштенските услуги на давателот „КАРГО ЕКСПРЕС ДООЕЛ узвоз-извоз Битола" и
3. **УПІ бр.02-144** поднесен од корисник на поштенските услуги на давателот „БРЗА ПРАТКА ДОО Скопје" .

Двата управни приговори се поднесени поради незадоволство од одговор на давателите по претходно поднесена рекламација од страна на корисниците. Постапката по 2-та управни приговори продолжува во следниот квартал.

### 7.4. Спогодбено решавање на спор

Во извештајниот период, Агенцијата водеше постапка за спогодбено решавање на спор, која беше започната во претходниот квартал на иницијатива од физичко лице кое како корисник на поштенските услуги на АД „Пошта на Северна Македонија" во својство на примач на меѓународна пратка, побара од Агенцијата за пошти да посредува и да се постигне заедничко прифатливо решение.

Комисијата за спогодбено решавање на спор постапуваше согласно Правилникот за начинот на постапување при решавање на спорови, по што на 03.07.2023 година (во третиот квартал) од основани причини со Известување го затвори предметот, бидејќи не беше постигната спогодба помеѓу двете страни.

#### a. Комуникации со корисници

Во третиот квартал во Агенцијата беа евидентирани **33 писмени комуникации**, што во споредба со претходниот квартал е забележан дуплиран пораст на комуникацијата со корисниците кои бараат информации од различен карактер поврзани со обезбедување на поштенски услуги.

Комуникациите се пристигнати на електронската адреса на Агенцијата и во нив корисниците бараа информации за испраќање на пратки во

меѓународниот сообраќај, за статус на пратки, за цените на одредени услуги како и контактни информации на даватели.

Во сите комуникации со корисниците, Агенцијата за пошти даде соодветен одговор и ги информираше корисниците за нивните права.

*Слика бр. 6. Споредбено комуникација со корисници во 3 квартал од 2022 година и 3 квартал 2023 година*




**Б.Телефонски консултации**



Во ова тромесечје беа зачестени и **телефонските консултации** со корисниците на поштенски услуги во кој се евидентирани **16 консултации.**

Во нив корисниците побараа информации за правото на поднесување на рекламации кај давателите на поштенските услуги, како и за поднесување управен приговор пред Агенцијата.

**7.5. Веб – страница на Агенцијата за пошти**

На веб – страницата на Агенција за пошти, во извештајниот период беа објавени **24 содржини** со различен карактер.

Во Регистарот на лиценци беа направени **14 внесувања** со што се врши активно ажурирање на податоците и информациите кај лиценцираните даватели на поштенски услуги.



На Фејсбук профилот на Агенцијата за пошти беа објавени **28 содржини**[3].

Тргнувајќи од потребата да се утврди интересот на јавноста во поглед на работењето на Агенцијата за пошти, како и воопшто следењето на поштенски пазар во Република Северна Македонија преку користење на веб - страницата на Агенцијата за пошти беше спроведена активност за осознавање на овие информации.

Од направената анализа на статистичките извештаи за посетеноста на веб - страницата на Агенцијата за пошти www.ap.mk, започнувајќи од 01.07.2023 година до 30.09.2023 година беше констатирана следната состојба:

Во месец **Јули**, веб- страницата ја посетиле 5.830 посетители, а прелистани беа вкупно 28.772 страници. Истиот месец, најмногу била посетувана страницата http://ap.mk/ со вкупна посетеност од 3.358 посетители, а најпреземан (downloaded) документ за месец јануари беше https://ap.mk/sites/default/files/2020-06/Kargo%20Ekspres%20Cenovnik.pdf, односно ценовникот на Карго Експрес пошта со вкупно 96 преземања.

За месец **Август**, евидентирани беа 6.441 посетители со прелистано вкупно 47.954 страници. Во овој месец, 78 пати бил превземан Ценовникот на Ин Пошта Радевски додека најпосетена страна била http://ap.mk/ со вкупно 3.618 посети.

Во месец **Септември**, евидентирани беа 6.925 посетители на веб -страницата, со направени 47.412 прелистувања.Во овој месец, најпосетена беше страната хттп://ап.мк/ со вкупно 4.068 посети. Најпреземан беше документот – Ценовникот на ДХЛсо вкупно 77 преземања.

## Компаративен приказ




[3] Агенција за пошти | Facebook

## 7.5. Комуникација со медиуми

Преку комуникацијата со медиуми, Агенцијата за пошти ја користи можноста да ја информира јавноста за актуелните случувања во поштенскиот сектор.

Во месец јули, во соработка со јавниот сервис МРТ, на првиот програмски сервисен канал, во времетраење од еден месец беше емитувано анимирано видео на Агенцијата за пошти „Твојата пратка во безбедно сандаче“. Преку ова видео Агенцијата ја информираше јавноста за обврската за поставување на куќни домашни сандачиња в.с. со чл.55 од ЗПУ.

## 7.6. Електронски билтен на Агенцијата за пошти

### Информативни содржини и дистрибуција на истите преку електронски билтени ( newsletter)

Со цел да се афирмира работатата на Агенцијата за пошти и да се доближи до лиценцираните даватели на поштенски услуги, Агенцијата за пошти продолжи со користење на една од најефикасните алатки на дигиталниот маркетинг. Информативниот е- билтен е моќна алатка на дигиталниот маркетинг бидејќи преку неа се остварува директно комуницирање со соработниците, на персонализиран начин со „сервирање“ на нови и вредни содржини, директно на нивните е-маил адреси.

На овој начин, преку ваквите активности Агенцијата за пошти се потврдува како институција која посветено вложува и во грижата за давателите на поштенските услуги, во нивното едуцирање и информирање што понатаму се рефлектира и на **обезбедување на квалитетни услуги за корисниците на поштенските услуги.** Подготовката на информативни содржини и дистрибуција на електронските билтени се реализира еднаш во месецот.

Во третиот квартал до давателите на поштенски услуги беа испорачани **2 е-билтени.**

**Е-билтен #6** беше насловен „Одржлив развој во поштенскиот сектор“, а неговата содржина беше во насока на подигнување на свеста за заштита на

животната средина, вметнување и користење на електрични возила во поштенската инфраструктура и секојдневието. Поштенскиот сектор ја поседува најкомплексната и најнапредна транспортна мрежа во светот, од тука произлегува и потребата за развивање на свеста за оставање на трајна вредност во општеството и одржлив развој, а преку придонесот во намалување на $CO^2$ емисиите поплочен е патот кон намалено загадување на планетата која ни дарува живот.




Во **Е-билтен #7** Агенцијата за пошти информираше за промена на цените за поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај кои АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна соптвеност – Скопје ги обезбедува во опсегот на универзалната услуга.

Агенијата за пошти одобри примена на нови цени на поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај, во кои ќе бидат опфатени писмата, поштенските картички и др.



## 8. Анализа на пазарот



Во насока на спроведување на своите надлежности во делот на имплементирање на политиките за регулирање на пазарот со воспоставување на ефективна конкуренција, Агенцијата за пошти континуирано го следи пазарот на поштенски услуги со прибирање, проверка, систематизирање и анализирање на податоците доставени од давателите на поштенски услуги.

**8.1.** Согласно законските обврски за доставување податоци за обезбедување на поштенски услуги до 01.09.2023 година, давателите на поштенски услуги доставуваа извештаи за своето работење за период 01 јануари 2023 до 30 јуни 2023 година. Во овој шестмесечен период од вкупно 35 даватели на поштенски услуги кои работат на пазарот на поштенски услуги извештаи за своето работење доставија 31 даватели. До 4-те даватели кои не доставија пополнет извештај беше испратено потсетување за исполнување на обврската. Доставените извештаи ќе бидат основа за изготвување на анализи и статистики во наредниот период и ќе претставуваат показател за идни активности на Агенцијата.

**8.2.** Во извештајниот период беше изготвен Преглед за остварен обем за давателите на поштенски услуги за период 01.07.2023 година до 30.06.2023 година, врз основа на кој ќе се изготвуваат Решенија за годишен надоместок за 2024 година.

## 9. СОРАБОТКА



### 9.1. Меѓународна соработка

Во третиот квартал, во делот на меѓународната соработка беа реализирани следните активности:

## Група на Европски регулатори за поштенски услуги (ЕРГП)

### Работна група за регулаторна рамка

Во рамките на активностите на Работната група за регулаторна рамка, претставник на Агенцијата за пошти учествуваше во процесот на консултации за нацрт извештаите кои ги подготвија драфтерите на работната група.

### Работна група за корисници и пазарни индикатори

Во рамки на активностите на работната група за корисници и пазарни индикатори од страна на претставници на Агенцијата за пошти беше одговорено на 2 прашалника и тоа за квалитетот на услуги, заштитата на корисници и рекламации и за основните индикатори на пазарот на поштенски услуги во нашата држава. Прашалниците беа одговорени согласни податоците на Агенцијата за пошта и истите во предвидениот рок беа доставени до работната група.

### Работна група за одржливост

Во рамките на активностите на Работната група за одржливост, претставник на Агенцијата за пошти учествуваше во процесот на консултации за нацрт извештаите кои ги подготвија драфтерите на работната група.

На 27 – ми септември, 2023 година во Брисел, Белгија се одржа **4-от форум на Европските регулатори**, на кој присуствуваа и 2 претставници од Агенцијата за пошти.Форумот беше одлична можност за претставниците на Европската комисија, националните регулатори тела како и за засегнатите страни да ги разменат своите мислења и искуства за прашања кои се однесуваат на поштенскиот сектор. На Форумот беше разгледана и нацрт – програмата за работа на ERGP за 2024 година, која е ставена на јавна консултација (дискусија) до 6 октомври 2023 година.

CERP Претставниците од Агенцијата ја следеа работата на Европски комитет за поштенска регулација **т.е.** на работната група за УПУ и на работната група за Политики, на кои се предлагаа и усогласуваа ставовите на ЦЕРП на темата за проширување на Светскиот Поштенски Сојуз со други чинители и други теми за кои ова тело се подготвуваше за Вонредниот Конгрес во Ријад, Саудиска Арабија, кој се одржува во период од 02 до 06 октомври 2023 година.

TAIEX **TAIEX Експертска мисија**

Во јуни 2023 година беше одобрена Апликацијата за TAIEX Експертска мисија за транспонирање и имплементација на ЕУ Регулативата 2018/644 за услуги за меѓународна достава на пакети во македонското законодавство, поднесена од Агенцијата за пошти во февруари 2023 година. Во извештајниот период Агенцијата работеше на подготовки за самата мисија во однос на драфт агендата, темите, како и комуникација со Европската комисија за реализација на истата.

TAIEX мисијата ќе се реализира од 02 до 06 октомври 2023 година со експерти од Република Хрватска, во просториите на Агенцијата за пошти. Освен претставници од Агенцијата, ќе учествуваат и претставници од Министерството за транспорт и врски.

### 9.2. Соработка со домашни институции

Во третиот квартал, Агенцијата за пошти оствари соработка со повеќе домашни

институции.

Потпишан **Меморандум за соработка со Народниот правобранител на Република Северна Македонија** - Директорката на Агенцијата за пошти, м-р Билјана Аврамоска Ѓореска и Народниот правобранител на Република Северна Македонија, г-дин Насер Зибери потпишаа **Меморандум за соработка**, со кој се истакнува посветеноста на двете страни да работат заедно на полето за унапредување и заштита на правата на корисниците на поштенските услуги.

Потписниците на овој Меморандум се согласија да соработуваат во насока на остварување на правата на корисниците на поштенските услуги согласно Законот за поштенските услуги и Законот за народниот правобранител, како и во други области кои се директно или индиректно поврзани со заштита на правата на корисниците на поштенските услуги, како и во области за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност.



**Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Агенција за пошти и Институт за стандардизација на Република Северна Македонија -** Директорката на Агенцијата за пошти, м-р Билјана Аврамоска Ѓореска и директорот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, м-р Џеват Кицара склучија **Меморандум за соработка** помеѓу двете институции.Со потпишување на овој Меморандум, двете институции ја изразија подготвеноста за меѓусебна соработка во сите сегменти од делокругот на работење за кои постои национален и заеднички интерес, раководејќи се од националните законски акти во областа на стандардизацијата и во областа на поштенските услуги и регулација на пазарот на поштенски услуги, како и од европските и меѓународните принципи и препораки.



Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, АЕТМ Скопје, во рамки на Проектот EU4Bussiness: „Поддршка на регионалната економска интеграција спроведено во име на Европската Унија (ЕУ) и германското Сојузно Министерство за економска соработка и развој (БМЗ)“ побара од Агенцијата за пошти да номинира претставник кој ќе присуствува на состанок за *мапирање на проблемите со сива економија во е-трговија.* Како претставник од Агенција за пошти беше номинирана Ана Ковачевска, со цел одржување на состанок за детално мапирање на проблематикаа со сивата економија во е-трговијата. Средбата се одржи на 28.07.2023 година во деловните простории на Агенцијата за пошти, на која што присуствуваа консултантот Влатко Данаилов, номинираното лице и директорката на Агенцијата за пошти г-ѓа Аврамоска Ѓореска.

Во месец септември Агенцијата одржа работен состанок со Институтот за предлог иницијатива за формирање на Технички комитет за поштенски услуги во рамките на ИСРСМ. Техничкиот Комитет ќе биде надлежен за донесување и усвојување на национални стандарди, следење и учество во работата на европските технички комитети (CEN) и ќе дава предлози и мислења при подготовка на нови стандарди или измена на веќе постоечките од областа на поштенските услуги. Во следниот период, Агенцијата ќе ја подготви горе споменатата предлог иницијатива и ќе ја достави до Институт за стандардизација на нивна надлежност

## 10. Јакнење на институционалните капацитети

### 10.1. Човечки ресурси

Во третиот квартал, Агенцијата постапуваше по повеќе предмети кои се однесуваа на правата од работен однос и други права на избраните и именувани лица во Агенцијата, соодветни консултации со сродни институции, евиденција за отсуство/присуство-континуирано, извештаи за платен список, годишни одмори, (решенија, извештај и распоред), и други предмети.

Бројот на вработени во Агенција за пошти, на крајот на третиот квартал изнесува вкупно **18,** од кои 15 административни службеници, 2 лица ангажирани на

определено време преку Агенција за привремени вработувања КОНТАКТ БИЗНИС и директор.

### 10.2. Годишен план за вработување во 2023 година

Во третиот квартал немаше реализација на Годишниот план за вработување на Агенцијата за пошти за 2023 година.

### 10.3. Вработување и престанок на работен однос

Во третиот квартал по добиената согласност за донесување Одлука за потреба од вработување од страна на Комисијата на Агенцијата за пошти бр.02-157/6 од 12.07.2023 година, беше ангажирано 1 лице преку Агенција за привремени вработувања КОНТАКТ БИЗНИС, во Директоратот за поштенски мрежи и меѓународна соработка на работно место Соработник за меѓународен поштенски сообраќај, ниво В03.

Едно лице ангажирано на определено време привремено со изјава го прекина работниот однос заснован во ПАВ МОТИВИ Скопје и истото склучи Договор за вработување преку Приватна Агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје бр.0407-1820 од 19.07.2023 година.

Во третиот квартал немаше постапки за престанок на работен однос.

### 10.4. Реализација на Годишниот план за обуки за 2023 година



Во насока на унапредување на стручното оспособување и усовршување, вработените во Агенцијата за пошти учествуваа на следните обуки на тема:

- **Успешно управување со рекламации и приговори**“ одржана на 17 јули 2023 година во организација на Smart Events International, на која присуствуваа 2 вработени;
- **„Национална проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам”**, одржана на 20.09.2023 година, во организација на Управата за финансиско разузнавање, на која присуствуваше 1 вработен;
- Во рамките на проектот **„Активност за анти-корупција и интегритет**“, беше одржана втората специјализирана обука за спроведување на системот на интегритет на 22.09.2023 година, во организација на Државна Комисија за спречување на корупција, на која присуствуваше 1 вработен, кој воедно е назначен за лице за интегритет.

Во третиот квартал од 2023 година беа реализирани **4 учества** на вработени на **3 обуки.** Учеството на вработените на овие настани за стручно усовршување по организациони единици во Агенцијата може да се види на следната слика:




### 10.5. Плата, надоместоци на плата и други надоместоци, одмори и отсуства

Во третиот квартал Агенцијата за пошти редовно и навреме исплатуваше плата и надоместоци за членовите на Комисијата, вработените (административни службеници и лица ангажирани на определено време) и директорот.Во овој квартален период беа исплатени додатоци на плата за извршен надзор на 6 овластени лица за вршење на надзор, како и додаток за прекувремена работа на 11 вработени во Агенцијата.

### 10.6. Годишни одмори

Во третиот квартал Агенцијата за пошти постапуваше по барањата на вработените за користење на делови од годишниот одмор за 2023 година и слободни денови по друг основ од Колективниот договор, за кои беа издадени соодветни поединечни акти.

### 10.7. Полугодишно интервју

Во законскиот рок до 30.09.2023 година, беа спроведени активности и се донесе Решение за спроведување на оценувањето и формирање на Комисија за спроведување на оценувањето.

### 10.8. Канцелариско и архивско работење

Во извештајниот период континуирано се постапуваше согласно актите за канцеларискoто и архивско работење во Агенцијата за пошти.

## 11. Јавни набавки

Во извештајниот период беа спроведени и реализирани следните Јавните набавки во Агенција за пошти:

1. На 20.06.2023 година беше донесена Одлука за јавна набавка со предмет јавна набавка на услуги за Ангажирање на агенција за привремени вработувања за потребите на Агенција за пошти бр. 05-150/1. На 21.06.2023 година беше објавен оглас на ЕСЈН бр. 11320/2023, а постапката со сите документи заврши на 12.07.2023 година, со Одлука за избор на најповолна понуда број 05-150/2. Склучен беше договор број 03-150/3 од 19.07.2023 година.
2. На 20.06.2023 година беше донесена Одлука за јавна набавка на стоки со предмет Набавка на канцелариски материјали и тонери за потребите на Агенција за пошти бр. 05-149/1, набавката е делива во два дела: Дел 1 канцелариски материјали и Дел 2 тонери, на 23.06.2023 година. Објавен беше оглас на ЕСЈН бр. 11537/2023, а постапката со сите документи заврши на 10.07.2023 година, со Одлука за избор на најповолна понуда за Дел 2 тонери број 05-149/3 и Одлука за избор на најповолна понуда број за Дел 1 канцелариски материјали број 05-149/2. Склучен беше договор за Дел 2 тонери број 03-149/4 од 19.07.2023 година и договор за Дел 1 канцелариски материјали број 03-149/5 од 20.07.2023 година.
3. На 20.06.2023 година беше донесена Одлука за јавна набавка на услуги за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии за потребите на Агенција за пошти бр. 05-148/1. На 22.06.2023 година беше објавен оглас на ЕСЈН бр. 11423/2023 и постапката со сите документи заврши на 05.07.2023 со Одлука за избор на најповолна понуда број 05-148/2. Склучен беше договор број 03-148/3 од 07.07.2023 година.
4. На 09.08.2023 година беше донесена Одлука за јавна набавка на стоки – вода за потребите на Агенција за пошти, број 05-175/1. На 16.08.2023 година беше објавен оглас на ЕСЈН бр. 14635/2023 и постапката со сите документи заврши на 04.09.2023 со Одлука за избор на најповолна понуда број 05-175/2. Склучен беше договор број 03-175/3 од 19.09.2023 година.
5. На 22.09.2023 година беше донесена Одлука за Набавка на гориво за моторни возила за потребите на Агенција за пошти, број 05-192/1. На 25.09.2023 година беше објавен оглас на ЕСЈН бр. 16991/2023 и постапката е во тек и продолжува во наредниот квартал.

Во месец Јули 2023 година беа внесени податоци за квартална евиденција за набавки под праговите и посебни услуги за периодот 01.04.2023 до 30.06.2023 година и истата беше објавена под бр.05-31/3 од 12.07.2023 на ЕСЈН.

## 12. Транспарентност на работата

### 12.1. Комисија на Агенција за пошти

Комисијата на Агенцијата за пошти во третиот квартал од 2023 година одржа **3 состаноци**[4] на 12.07.2023 година, 10.08.2023 година и 22.09. 2023 година.

На состаноците, членовите на Комисијата разгледуваа, усвоија и дадоа согласност за материјали и документи од тековното работење на Агенцијата:

- Усвоен Вториот Квартален Извештај за 2023 година;
- Правилник за управување со судир на интерес;
- Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти;
- Согласност за Годишниот план за вработување за 2024 година;
- 2 Согласности за донесување на Одлуки за потреба за вработување;
- Одлука за службен пат на директорката во странство;
- Решение за прв дел на годишен одмор за 2023 година на директорката.

### 12.2. Слободен пристап до информации

Во третиот квартал до Агенцијата немаше доставени барања за пристап до информации од јавен карактер.



[4] https://ap.mk/mk/sostanoci-na-komisija

## 12.3. Општествена одговорност

### 12.3.1. Учество на Агенцијата за пошти во крводарителска акција

Агенцијата за пошти ја означи својата традиција како општествено одговорна институција која го поддржува доброволното дарување крв кое претставува одраз на високи етички, хуманирани и морални вредности. Со крводарителската акција, која беше организирана во соработка со ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина и Црвен крст на град Скопје, Агенцијата даде придонес за здравствениот систем како општествено одговорна институција и промовирање на вредностите за подобро глобално здравје, спасување на животи и подобрување на туѓото здравје. Вработените на Агенција за пошти несебично ја покажаа нивната хуманост на дело со дарување крв, се со цел подигање на свеста за доброволното дарување крв, а со тоа и спасување на животи и градење на солидарноста во нашето општество.

Агенцијата за пошти и во иднина ќе продолжи да биде општествено одговорна институција која ќе учествува во повеќе крводарителски акции и хуманитарни настани.

### 12.3.2. Одбележана Европската недела на мобилност

Во рамки на „Европската недела на мобилност", Агенцијата за пошти учествуваше на активностите кои се спроведоа во рамкте на кампањата - која на иницијатива на Европската комисија, се спроведува секоја година, во периодот од 16 до 22 септември. Оваа година, темата беше **Save energy! -Заштедете енергија**! која го нагласува влијанието што одржливите транспортни решенија го имаат врз климатските цели и врз енергетската и мобилна сиромаштија.

Со ова вработените на Агенција за пошти упатија силна порака дека треба да се користат алтернативни форми на мобилност како што се пешачењето, велосипедизмот и сл., треба да се избира „паметен" начин на транспорт, при што би се користеле предностите на современиот урбан начин на живеење, но при тоа би се водело сметка за животната средина и загадувањето што го произведуваме.





## 13. Реализација на Финансискиот План за 2023 година и состојба на побарувањата и обврските - трет квартал

Заклучно со 30.09.2023 година Агенцијата реализираше приходи во износ од 19.695.823 денари или 53,23% од планираните во Финансискиот план за 2023 година и расходи во износ од 17.877.513 денари или 48,30% од планираните во Финансискиот план за 2023 година.

Од вкупно реализираните приходи најголем дел отпаѓа на приходите од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги од претходни години (конто 750) –19.601.456 денари, а реализирани беа и приходи од пренесениот дел од вишокот на приходи од 2022 година – 94.367 денари (конто 770).

Од вкупно реализираните расходи најголем дел отпаѓа на расходите за плати на вработените во Агенцијата во износ од 11.051.972 денари (конто 460), расходи за Комисијата на Агенцијата за пошти во износ од 2.856.095 денари (конто 41710, 41716, 47001 и 47003), расходите за службени патувања во износ од 734.176 денари (конто 413), расходите за потрошена енергија во износ од 547.649 денари (конто 401), расходи за наемнини за деловните простории на Агенцијата во износ од 582.083 денари (конто 408), расходи за услуги за привремени вработувања во износ од 571.578 денари (конто 41735), расходи за надоместоци на работниците (регрес и јубилејна награда) во износ од 570.544 денари (конто 414), расходи по основ на договори за дело во износ од 131.111 денари (конто 41712 и 47004), а реализирани се и останати расходи во износ од 832.305 денари.

Агенцијата заклучно со 30.09.2023 година има ненаплатени побарувања од давателите на поштенски услуги за годишен надоместок во вкупен износ од 16.915.017 денари, од кои 16.423.722 денари од тековната година и 491.295 денари од претходни години.

Побарувањата од давателите на поштенски услуги за годишен надоместок за 2023 година се евидентирани врз основа на Решенија за годишен надоместок за 2023 година изготвени за 35 даватели на поштенски услуги заклучно со 30.09.2023 година.

Од побарувањата од претходни години, заклучно со третиот квартал од 2023 година, наплатени се 12.259.790 денари, од кои во месец Јануари 2023 година наплатени беа 1.000.000 денари и истите во сметководствената евиденција беа евидентирани како приход во 2022 година. За сите побарувања од претходни години, во износ од 491.295 денари, беше покрената постапка за присилна наплата преку извршител.

Агенцијата има и побарувања од давателите на поштенски услуги за камати за задоцнето плаќање во износ од 1.995.156 денари, од кои 1.991.002 денари се побарувања за камата за ненавремено плаќање на надоместокот за 2022 година, а 4.154 денари се побарувања од Каматни листи за ненавремено плаќање на надоместокот за 2019 година, 2020 година и 2021 година, од кои за најголем дел беше покрената постапка за присилна наплата преку извршител.

Агенцијата заклучно со 30.09.2023 година има други побарувања во износ од 160.684 денари од кои 70.197 денари се побарувања за исплатен депозит кон Градски Трговски Центар за деловните простории, 88.624 денари се побарувања од вработените во АП и 1.863 денари се побарувања за авансни плаќања на обврски.

Агенцијата заклучно со 30.09.2023 година има вкупно обврски во износ од 390.204 денари, од кои 199.012 денари кон Градски Трговски Центар за наемнини и комуналии за деловните простории, 127.096 денари за привремени вработувања, 40.800 денари за авиобилети за службени патувања во странство, 6.900 денари за материјали за чистење и одржување, 4.745 денари за стандарди, 3.045 денари за телефон и интернет, 2.980 денари за гориво за службените возила, 2.896 денари за репрезентација – вода, 2.570 денари за превод и 160 денари обврски кон вработените.

Состојбата на обврските и побарувањата е заклучно со 09.10.2023 година.

**Извештаи до надлежни институции**

Во законски рок, поднесени се месечни извештаи за јули, август и септември 2023 година преку Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските, а согласно Законот за пријавување и евиденција на обврски.

**Прилог 2 - Реализација на финансискиот план за 2023 година -трет квартал**
**Агенција за пошти Скопје**

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2023 | Реализиран износ 2023 | 4/3*100 | 4/вкупни приходи*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **72** | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **2,305,000.00** | **0.00** | **0.00%** | **0.00%** |
| **720** | **Приходи од камати** | **2,300,000.00** | **0.00** | **0.00%** | **0.00%** |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 2,300,000.00 | | 0.00% | 0.00% |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5,000.00** | **0.00** | **0.00%** | **0.00%** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 | | 0.00% | 0.00% |
| **75** | **Сопствени приходи** | **25,000,000.00** | **###########** | **78.41%** | **99.52%** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен** | **25,000,000.00** | **###########** | **78.41%** | **99.52%** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од | 25,000,000.00 | ########### | 78.41% | 99.52% |
| **76** | **Други приходи** | **900,000.00** | **0.00** | **0.00%** | **0.00%** |
| **760** | **Други приходи** | **900,000.00** | **0.00** | **0.00%** | **0.00%** |
| 7600 | Други приходи | 900,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| **77** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **8,795,000.00** | **94,367.00** | **1.07%** | **0.48%** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **8,795,000.00** | **94,367.00** | **1.07%** | **0.48%** |
| 77001 | | 8,795,000.00 | 94,367.00 | 1.07% | 0.48% |
| **7** | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **37,000,000.00** | **###########<br>###** | **53.23%** | **100.00%** |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2022 | Реализиран износ 2022 | 4/3*100 | 4/вкупни расходи*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **40** | **МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **3,793,000.00** | **1,618,992.00** | **42.68%** | **9.06%** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **420,000.00** | **140,347.00** | **33.42%** | **0.79%** |
| 40000 | Потрошено гориво | 72,000.00 | 11,650.00 | 16.18% | **0.07%** |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 120,000.00 | 50,933.00 | 42.44% | **0.28%** |
| 40003 | Други административни материјали | 30,000.00 | 4,358.00 | 14.53% | **0.02%** |
| 40004 | Други потрошени материјали | 60,000.00 | 26,938.00 | 44.90% | **0.15%** |
| 40010 | Потрошена вода | 10,000.00 | 5,420.00 | 54.20% | **0.03%** |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 18,000.00 | 11,124.00 | 61.80% | **0.06%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 40012 | Весници и списанија | 10,000.00 | 0.00 | 0.00% | **0.00%** |
| 40013 | Стручна литература | 40,000.00 | 21,900.00 | 54.75% | **0.12%** |
| 40021 | Ситен инвентар | 60,000.00 | 8,024.00 | 13.37% | **0.04%** |
| **401** | **Потрошена енергија** | **1,000,000.00** | **547,649.00** | **54.76%** | **3.06%** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 550,000.00 | 329,993.00 | 60.00% | 1.85% |
| 40102 | Електрична енергија | 450,000.00 | 217,656.00 | 48.37% | 1.22% |
| **403** | **Други услуги** | **1,003,000.00** | **269,629.00** | **26.88%** | **1.51%** |
| 40301 | Пошта | 45,000.00 | 9,314.00 | 20.70% | 0.05% |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 10,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| 40305 | Телефон и телефакс | 40,000.00 | 22,462.00 | 56.16% | 0.13% |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 300,000.00 | 21,460.00 | 7.15% | 0.12% |
| 40307 | Службен весник | 20,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 30,000.00 | 25,000.00 | 83.33% | 0.14% |
| 40309 | Чистење на деловни простории | 120,000.00 | 73,821.00 | 61.52% | 0.41% |
| 40313 | Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.) | 245,000.00 | 31,779.00 | 12.97% | 0.18% |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 70,000.00 | 35,253.00 | 50.36% | 0.20% |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 61,000.00 | 600.00 | 0.98% | 0.00% |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 19,000.00 | 7,460.00 | 39.26% | 0.04% |
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 43,000.00 | 42,480.00 | 98.79% | 0.24% |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **25,000.00** | **11,174.00** | **44.70%** | **0.06%** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 | 11,174.00 | 44.70% | 0.06% |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **360,000.00** | **68,110.00** | **18.92%** | **0.38%** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 300,000.00 | 68,110.00 | 22.70% | 0.38% |
| 40502 | Издатоци за реклама, пропаганда | 60,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| **408** | **Наемнини** | **985,000.00** | **582,083.00** | **59.09%** | **3.26%** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 985,000.00 | 582,083.00 | 59.09% | 3.26% |
| **41** | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **9,234,000.00** | **4,841,932.00** | **52.44%** | **27.08%** |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **50,000.00** | **25,738.00** | **51.48%** | **0.14%** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 40,000.00 | 24,738.00 | 61.85% | 0.14% |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 10,000.00 | 1,000.00 | 10.00% | 0.01% |
| **412** | **Премии за осигурување** | **61,000.00** | **22,177.00** | **36.36%** | **0.12%** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **2,000,000.00** | **734,176.00** | **36.71%** | **4.11%** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **700,000.00** | **570,544.00** | **81.51%** | **3.19%** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **6,000.00** | **352.00** | **5.87%** | **0.00%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **416** | **Членарини** | **5,000.00** | **0.00** | **0.00%** | **0.00%** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **6,178,000.00** | **3,477,355.00** | **56.29%** | **19.45%** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 20,000.00 | 20,000.00 | 100.00% | 0.11% |
| 41709 | Други услуги-систематски преглед | 61,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 3,200,000.00 | 2,541,007.00 | 79.41% | 14.21% |
| 41712 | Надомест по договор | 180,000.00 | 118,000.00 | 65.56% | 0.66% |
| 41716 | тековна година | 130,000.00 | 29,478.00 | 22.68% | 0.16% |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 95,000.00 | 94,400.00 | 99.37% | 0.53% |
| 41722 | Консултантски услуги | 930,000.00 | 10,842.00 | 1.17% | 0.06% |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 160,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 200,000.00 | 45,457.00 | 22.73% | 0.25% |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 900,000.00 | 571,578.00 | 63.51% | 3.20% |
| 41736 | Услуги за архивирање | 180,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 61,000.00 | 40,810.00 | 66.90% | 0.23% |
| 41791 | Други услуги - превод | 61,000.00 | 5,783.00 | 9.48% | 0.03% |
| **418** | **Останати други расходи** | **234,000.00** | **11,590.00** | **4.95%** | **0.06%** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 231,000.00 | 10,740.00 | 4.65% | 0.06% |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 2,500.00 | 781.00 | 31.24% | 0.00% |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 500.00 | 69.00 | 13.80% | 0.00% |
| **44** | **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | **441,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00%** |
| **441** | **Средства за опрема** | **441,000.00** | **0.00** | **0.00%** | **0.00%** |
| 4410 | Средства за мебел | 130,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 250,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 61,000.00 | 0.00 | 0.00% | 0.00% |
| **46** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **23,000,000.00** | **11,051,972.00** | **48.05%** | **61.82%** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **23,000,000.00** | **11,051,972.00** | **48.05%** | **61.82%** |
| 4600 | Основни плати | 15,110,000.00 | 7,278,408.00 | 48.17% | 40.71% |
| 4600 | Придонеси од плати | 7,890,000.00 | 3,773,564.00 | 47.83% | 21.11% |
| **47** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **532,000.00** | **364,617.00** | **68.54%** | **2.04%** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **532,000.00** | **364,617.00** | **68.54%** | **2.04%** |
| 47001 | година | 356,000.00 | 282,338.00 | 79.31% | 1.58% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 47003 | тековна година | 14,500.00 | 3,272.00 | 22.57% | 0.02% |
| 47004 | Персонален данок - Договор | 20,000.00 | 13,111.00 | 65.56% | 0.07% |
| 47006 | Персонален данок - други исплати | 141,500.00 | 65,896.00 | 46.57% | 0.37% |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **37,000,000.00** | **17,877,513.00** | **48.32%** | **100.00%** |

| | | |
|---|---|---|
| останати расположливи средства | **0.00** | **1,818,310.00** |

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**

**Директорка**

**Билјана Аврамоска Ѓореска**